Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка
Бр. 01-721/1
20.3.2024 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

| | |
|---|---|
| **Период за кој се известува: 2023 година**<br><br>**Вкупен буџет:30.003.000,00**<br><br>**Број на вработени: 18 вработени на неопределено време**<br><br>**www.dkip.mk** | **Одговорно лице:**<br><br>**Име и презиме: Елизабета Русеска**<br><br>**Звање: Претседател**<br><br>**E-mail:drzavnakomisija@gmail.com**<br><br>**Телефон:070/707-633** |

**Содржина:**

1. Резиме
2. Вовед
3. Статус, раководство, надлежност и организациона структура
4. Реализирани активности произлезени од законските надлежности
5. Активности за подобрување на квалитетот во работењето
6. Соработка со други институции и меѓународна соработка
7. Буџет, завршна сметка и финансирање
8. Заклучоци
9. Препораки
10 Прилози

## 1. Резиме

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка е самостоен државен орган со својство на правно лице која е основана со Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.130/2014, 53/2016, 11/2018).

Во овој извештај Државната комисија ќе ја опфати надлежноста, огранизациската структура како и вкупниот број на примени и решени предмети во 2023 година, по жалбите против решенија донесени во прв степен во инспекциската постапка.

Државната комисија почнувајќи од 01.01.2021 година повеќе не е надлежна да постапува по жалбите против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочна постапка, која надлежност согласно член 131 став (1) од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19) е пренесена на Управниот суд.

Во текот на 2023 година Државната комисија не функционираше во периодот од 29.08.2023 година до 02.11.2023 година поради престанување на мандатот на стариот состав на комисијата и избор на нов состав на комисијата.

Во периодот пред разрешувањето на стариот состав на комисијата, односно од 01.01.2023 година до 29.08.2023 година биле примени вкупно 431 предмети и пренесени за решавање 44 предмети од претходната година, а воедно за решавање имало и 41 предмети по уважени пресуди на Управниот суд, односно за решавање имало вкупно 516 предмети, од кои во наведениот период биле решени 44 предмети од претходната година, 359 предмети примени во 2023 година и 41 предмети по уважени пресуди на Управниот суд, што значи дека во овој период, биле решени вкупно 444 предмети или 86% од вкупниот број на предмети за решавање.

Во периодот од 29.08.2023 година до 02.11.2023 година, во Државната комисија биле примени вкупно 130 нови предмети и пренесени 72 нерешени предмети од периодот 01.01.2023 година до 29.08.2023 година за кои што немало услови да се постапува до 29.08.2023 година кога престанал мандатот на претходниот состав на Државната комисија, што значи дека за решавање во наведениот период до изборот на новиот состав на комисијата имало вкупно 202 предмети.

Во периодот од 02.11.2023 година кога е назначен новиот состав на комисијата до 31.12.2023 година биле примени вкупно 104 нови предмети и пренесени 202 нерешени предмети од претходните периоди, односно за решавање имало вкупно 306 предмети, од кои биле решени 159 предмети но, исто така Државната комисија постапила и по 9 предмети по уважени пресуди на Управниот суд, што значи дека во овој период биле решени вкупно 168 предмети. Државната комисија во наведениот период не можеше да постапи и да одлучи по 127 предмети од причина што истите не беа комплетирани со списи со оглед на краткиот временски период од денот на назначувањето на новиот состав на Државната комисија до крајот на извештајниот период 31.12.2023 година.

Имајќи го во предвид горенаведеното во текот на 2023 година Државната комисија примила вкупно 665 предмет од областа на инспекцискиот надзор, 44 предмети за решавање се пренесени од претходната година и имала 50 предмети за решавање по уважени пресуди на Управниот суд во 2023 година или вкупно за решавање во 2023 година Државната комисија имала 759 предмети, од кои во текот на 2023 година решила вкупно 612 предмети или 81% од вкупниот број на предмети за решавање.

## 2. Вовед

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка (во понатамошниот текст: Државна комисија) е самостоен државен орган, кој има својство на правно лице и претставува контролор на работата на извршната власт со што овозможува владеење на правото и функционирање на правната држава.

Во текот на 2023 година Државната комисија иако беше исправена пред предизвикот на смена на составот на комисијата поради истек на мандат на стариот состав и именување на нов состав, како и одлив на кадар, успеа ефикасно да одговори на задачите кои произлегуваат од нејзината надлежност и да реши поголем број на предмети од бројот на примени предмети во тековната година.

### 2.1. Мисија

Обезбедување на висококвалитетна, професионална, независна, ефикасна и ефективна заштита на правата на сите субјекти во постапката по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциската постапка.

### 2.2. Визија

Давање на придонес во подобрувањето на целокупниот систем на инспекциските постапки, преку квалитетна, ефикасна, ефективна и транспарентна работа.

## 3. Статус, раководство,надлежност и организациона структура

Државната комисија е составена од претседател и шест члена кои функцијата ја извршуваат професионално. Претседателот и членовите на Државната комисија ги избира по пат на јавен конкурс и ги разрешува Собранието на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија и истите се избираат за период од пет години со право на повторен избор. Членовите на Државната комисија од своите редови избираат заменик-претседател.

Моменталниот состав на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка е избран од страна на Собранието на Република Северна Македонија со Одлука за избор на претседател и членови на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на

инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.08-5696/1 од 02.11.2023 година.

Со наведената Одлука од Собранието на Република Северна Македонија беа избрани Претседател на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и четири членови, меѓутоа со истата не се изврши избор на два членови на Државната комисија.

Од страна на Собранието на Република Северна Македонија на ден 07.11.2023 година се распиша јавен конкурс за избор на останатите два члена на Државната комисија, меѓутоа до крајот на извештајниот период, односно до 31.01.2023 година не се изврши избор на двата членови на Државната комисија.

Начинот на работењето и одлучувањето на Државната комисија е уреден со Деловник за начинот на работата и одлучување на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.02-457/1 од 21.12.2018 година и Дополнување на Деловникот Бр.02-5/1 од 10.01.2019 година.

Државната комисија има стручна служба и на вработените во стручната служба се применуваат одредбите од законот со кој се регулираат правата и обврските на административните службеници.

Државната комисија направи структурна реорганизација и за таа цел изготви Функционална анализа, а потоа врз основа на истата изготви и Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работните места во стручната служба, кои се прилагодени на моменталната надлежност на Комисијата и истите беа доставени до Министерство за информатичко општество и администрација во нивна надлежност и постапување во однос на нивната меѓусебна усогласеност како и нивната усогласеност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и по добиената согласност од страна на Министерство за информатичко општество и администрација Државната комисија ги донесе Правилникот за внатрешна организација на стручната служба на Државната комисија од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.01-78/2 од 06.04.2023 година и Правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.01-78/3 од 06.04.2023 година со кои е уредена внатрешната организација на Државната комисија.

Со Правилникот за внатрешна организација на стручната служба на Државната комисија се утврдува внатрешната организација на Државната комисија, видот и бројот на организациските единици, нивниот делокруг на работа, начините и форми на раководење со делокруг на работа, раководењето и графичкиот приказ на внатрешната организација на Државната комисија (органограм).

Внатрешната организација на стручната служба е уредена согласно надлежностите на Државната комисија во Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и посебните закони со кои се определува надлежност за одлучување на Државната Комисија.

Внатрешната организација на стручната служба се заснова на начелата на:

-Законитост, стручност, ефикасност и економичност во вршењето на работите и задачите;

-Начело на ориентираност кон странките;

-Независност и одговорност при вршење на службените задачи;

-Еднообразност и хиерархиска поставеност на организациските единици и

-Делегирање на овластувањата.

Заради остварување на законските надлежности, организирање, следење и координирање на работите, како и заради извршување на информатичко-технички работи, работи во врска со управување со човечки ресурси, материјално-финансиски работи, стручно-административни и други работи во Стручната служба на Државната комисија се основани следните организациски единици:

1.Сектор за инспекциски надзор со следните одделенија;

1.1 Одделение за инспекциски надзор од областа на трудот, социјалната политика, образованието и културата;

1.2 Одделение за инспекциски надзор од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање, локалната самоуправа и одбраната;

1.3 Одделение за инспекциски надзор од областа на земјоделството, храната и ветеринрството и здравството, економисијата, финансиите и информатичкото општество;

2.Сектор за стручно-административни работи и финансиски прашања со следните одделенија;

2.1 Одделение за стручно-административни работи;

2.2 Одделение за финансиски прашања.

Самостојно одделение -Одделение за човечки ресурси.

## 3.1. Состав на Државната комисија заклучно со 31.12.2023 година

| | |
|---|---|
| - Претседател на Државната комисија | 1 |
| Член на Државната комисија | 4 |
| **-Вкупно** | **5** |

## 3.2. Структура на стручната служба на Државната комисија заклучно со 31.12.2023 година

Со Правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.01-78/3 од 06.04.20232 година се предвидени вкупно 40 работни места на административни службеници, нивниот распоред, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места, а распоредени се на следниот начин и тоа:

| Ниво на работни места | Звање | Систематизирани работни места |
|---|---|---|
| А02 | Генарален секретар | 1 |
| Б01 | Државен советник | 1 |
| Б02 | Раководител на сектор | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| Б04 | Раководител на одделение | 6 |
| В01 | Советник | 17 |
| В02 | Виш соработник | 2 |
| В03 | Соработник | 3 |
| В04 | Помлад соработник | 5 |
| Г01 | Самостоен референт | 1 |
| Г02 | Виш референт | 1 |
| Г04 | Помлад референт | 1 |

Во Правилникот се утврдени и опишани и вкупно 2 (две) работни места на помошно-техничките лица, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на стручната служба на Државната комисија за одлучување во втор степен во обласа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Работните места се распоредени на следниот начин:
(други помошно – технички лица) (превоз на лица и опрема и одржување на хигиена)
-Ниво А3 – Возач (1 )
-Ниво А3 – Хигиеничар (1).

**Административни службеници вработени на неопределено време:**

| | |
|---|---|
| - Државен советник | 1 |
| - Раководител на одделение | 2 |
| - Советник | 10 |
| -Помлад соработник | 2 |
| -Самостоен референт | 1 |
| -Виш референт | 1 |
| -Помлад референт | 0 |
| **-Вкупно** | **17** |

**Помошно технички лица вработени на неопределено време до 31.12.2023 година:**

| | |
|---|---|
| -Возач | 1 |
| **-Вкупно** | **1** |

Меѓутоа од наведените 17 административни службеници, 1 административен службеник со звање-Државен советник, преку Спогодба за мобилност преку превземање на вработен од еден во друг орган Бр.04-152/4 од 08.08.2023 година и 1 административен службеник со звање-Советник, преку преку Спогодба за мобилност преку превземање на вработен од еден во друг орган Бр.04-184/4 од 29.08.2023 година,

беа превземени од страна на Министерство за финансии. Исто така на 1 административен службеник со звање-Советник на ден 21.11.2023 година со Решение за престанок на работен однос по сила на закон Бр.04-227/1 од 21.11.2023 година му престана работниот однос во Државната комисија, додека на 1 административен службеник со звање-Советник со Решение бр.04-231/2 од 27.11.2023 година работниот однос во Државната комисија му се стави во мирување за време на вршење на функцијата-член на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Од вкупно 17 административни службеници и 1 помошно техничко лице со завршено високо образование се 15 вработени и тоа сите се административни службеници, додека со средно образование се 3 вработени од кои 2 се административни службеници и 1 е помошно техничко лице.

Во однос на половата застапеност во Државната комисија се вработени 8 мажи и 10 жени од кои на возраст од 25-29 години нема вработени, на возраст од 30-34 години се двајца (2) вработени, на возраст од 35–40 години се осум (8) вработени, на возраст од 41-44 години се двајца вработени (2), на возраст од 45-49 години се двајца (2) вработени, на возраст од 50-54 години е еден (1) вработен, на возраст од 55-59 години е еден (1) вработен и на возраст од 60-64 се двајца (2) вработени.

Во однос на правичната застапеност во Државната комисија се вработени 15 македонци, 1 албанец, 1 турчин и 1 влав.

## 4. Реализирани активности произлезени од законските надлежности

Покрај активностите кои произлегуваат од законските надлежности на Државната комисија-решавање на предмети по изјавени жалби чиј вкупен број е прикажан во прилогот на годишниот извештај за работата на Државната комисија, во текот на 2023 година Државната комисија превзема и повеќе активности во однос на завземање на ставови при постапувањето на инспекциските служби, односно усогласување на работењето согласно Законот за инспекциски надзор и за таа цел оствари комуникација со повеќе органи.

Со отпочнувањето на примената на Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/2019) и различното толкување од страна на Управниот суд на одредбите од истиот, а кои се однесуваат на надомест на трошоците на постапката во управен спор Државната комисија се соочи со проблем од финансиски аспект, кој има финансиски инпликации и врз буџетот на Република Северна Македонија поради што до Владата на Република Северна Македонија достави Информација за неусогласена примена на член 86 став (1) од Законот за управни спорови од кои произлегуваат финансиски импликации за Државната комисија кои се рефлектираат и на буџетот на Република Северна Македонија.

Владата на Република Северна Македонија на сто и деветнаесетата седница одржана на 17 јануари 2023 година ја разгледа Информацијата за неусогласена примена на член 86 став (1) од Законот за управни спорови од кои произлегуваат финансиски импликации за Државната комисија кои се рефлектираат и на буџетот на Република Северна Македонија и истата ја усвои и Министерство за правда го задолжи да направи

анализа во однос на спроведувањето на Законот за управни спорови, а во насока на решавање на проблемите со кои се соочуваат државните органи при неговата примена и во рок од 30 дена до Владата да достават соодветно изменување и дополнување на Законот.

## 5. Активности за подобрување на квалитетот во работењето

Државната комисија во континуитет е насочена кон подобрување на квалитетот во работењето усогласувајќи го со финансиските можности предвидени со буџетот на Државната комисија за 2023 година.

Имено до 2023 година во Државната комисија не е извршена ревизија на нејзиното работење.

Претседателот, членовите и раководните административни службеници, редовно одржуваат колегиуми и работни состаноци на кои се усогласуваат ставовите во однос на предметите по изјавени жалби од областа на инспекцискиот надзор, како и се разгледуваат ставовите на Управниот суд и Вишиот управен суд во однос на донесените одлуки.

Државната комисија, постојано работи на својата транспарентност, има своја веб страна, има објавена листа на информации од јавен карактер и овластените лица за давање информации од јавен карактер.

## 6. Соработка со други институции и меѓународна соработка

Во текот на 2023 година Државната комисија оствари соработка со Управниот суд како и со повеќе инспекциски служби во насока на усогласување на ставовите за постапување.

## 7. Буџет, завршна сметка и финансирање

Државната комисија се финансира од буџетот на Република Северна Македонија кој во 2023 година изнесуваше 30.003.000,00 денари.

Во табеларниот преглед прикажан е буџетот за 2023 година по ставки, како и завршната сметка на Државната комисија за 2023 година.

| | **Буџет 2023** | **Завршна сметка 2023** |
|---|---|---|
| **401 – Основни плати** | **16.031.000,00** | **14.450.756,00** |
| **402 – Придонеси за социјално осигурување** | **6.629.000,00** | **5.619.564,00** |

| | | |
|---|---|---|
| 404 - Надоместоци | 443.630,00 | 443.540,00 |
| 420 – Патни и дневни расходи | 200.000,00 | 109.455,00 |
| 421 –Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.300.000,00 | 1.299.734,00 |
| 423 – Материјали и ситен инвентар | 100.000,00 | 28.201,00 |
| 424 – Поправки и тековни одржување | 500.000,00 | 483.684,00 |
| 425 – Договорни услуги | 2.000,000,00 | 1.662. 549,00 |
| 426 – Други тековни расходи | 200.000,00 | 159.070,00 |
| 464 – Разни трансфери | 2.326.415,00 | 2.213.093,00 |
| 465 - Исплати по извршни исправи | 31.585,00 | 31.585,00 |
| 480 – Купување на опрема и машини | 41.370,00 | 41.370,00 |
| 483-Купување на мебел | 200.000,00 | 0,00 |
| Вкупно | 30.003.000,00 | 26.542.601,00 |

## 8.Заклучоци

Покрај нефункционирањето во периодот од 29.08.2023 година до 02.11.2023 година, Државната комисија по своето екипирање успешно се впушти во расчистување на заостанатите премети, паралелно решавјќи и дел од тековните предмети.

Во текот на 2023 година Државната комисија примила вкупно 665 предмет од областа на инспекцискиот надзор, 44 предмети за решавање се пренесени од претходната година и имала 50 предмети за решавање по уважени пресуди на Управниот суд во 2023 година или вкупно за решавање во 2023 година Државната комисија имала 759 предмети, од кои во текот на 2023 година Државната комисија решила вкупно 612 предмети или 81% од вкупниот број на предмети за решавање.

Воедно во 2023 година, од претходната година биле пренесени вкупно 44 предмети, што споредбено со 2022 година кога биле пренесени 71 предмети е во опаѓање бројот на пренесени предмети, што исто така укажува на ефикасно работење на комисијата.

Во насока на наведеното, треба да се има во предвид и фактот дека иако на почетокот на 2023 година Државната комисија имаше вработено 17 административни службеници на неопределено време и 1 помошно техничко лице вработено на

неопределено време, сепак до крајот на извештајниот период, бројот на вработени во Државната комисија се намали бидејќи 1 административен службеник со звање-Државен советник, преку Спогодба за мобилност преку превземање на вработен од еден во друг орган Бр.04-152/4 од 08.08.2023 година и 1 административен службеник со звање-Советник, преку преку Спогодба за мобилност преку превземање на вработен од еден во друг орган Бр.04-184/4 од 29.08.2023 година, беа превземени од страна на Министерство за финансии, 1 административен службеник со звање-Советник на ден 21.11.2023 година со Решение за престанок на работен однос по сила на закон Бр.04-227/1 од 21.11.2023 година му престана работниот однос во Државната комисија, додека на 1 административен службеник со звање-Советник со Решение бр.04-231/2 од 27.11.2023 година работниот однос во Државната комисија му се стави во мирување за време на вршење на функцијата-член на Државната комисија за жалби по јавни набавки. Поради наведеното до крајот на 2023 година Државната комисија функционираше со само 13 административни службеници во стучната служба и 1 помошно техничко лице како и Претседател и 4 члена на комисијата. Од наведените 13 административни службеници во стручната служба на предмети, односно на изготвување на нацрт-решенија работеле 9 извршители.

Од наведеното произлегува дека Државната комисија сеуште не ја екипирала стручната служба согласно Правилникот за систематизација на работните места на стручната служба во Државната комисија.

## 9.Препораки

За да може Државната комисија да продолжи успешно да работи и во наредниот период потребно е да ги зајакне ресурсите, пред се персоналните, поради што Државната комисија ќе бара согласност од надлежните органи за реализација на нови вработувања.

Исто така во соработка со првостепените органи и другите надлежни институции Државната комисија ќе продолжи да остварува средби со цел завземање на ставови за постапување согласно Законот за инспекциски надзор, односно усогласување во постапувањето на инспекторите при вршење на инспекцискиот надзор и изготвувањето на решенијата.

## 10. Прилози

**- Статистичка анализа на предметите во Државната комисија**

**- Завршна сметка**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА,**
**Елизабета Русеска**

# 4.РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА

## 4.1. Општа статистика на предметите во Државната комисија

Во текот на 2023 година Државната комисија примила вкупно 665 предмет и од претходната години за решавање има пренесено 44 предмети, а воедно за решавање имало и 50 предмети по уважени пресуди на Управниот суд, што значи дека за решавање во текот на изминатата година имало вкупно 759 предмети, кои во понатамошниот текст детално се образложени според структура, начинот на решавање и област.

Имено од вкупно 759 предмети во текот на 2023 година, Државната комисија успеала да реши 44 предмети од пренесените од претходната година, 518 предмети примени во 2023 година и 50 предмети по уважени пресуди на Управниот суд, што значи дека во текот на 2023 година, биле решени вкупно 612 предмети или 81% од вкупниот број на предмети за решавање.

| | | |
|---|---|---|
| Вкупен број на примени предмети во 2023 година | **665** | |
| Вкупен број на пренесени предмети од претходната година | **44** | |
| Вкупен број на предмети за решавање по уважени пресуди на Управниот суд | **50** | |
| Вкупен број на предмети за работа во 2023 година | **759** | |
| Вкупен број на решени предмети од претходната година | **44** | |
| Вкупен број на решени предмети од 2023 година | **518** | |
| Вкупен број на предмети решени по уважени пресуди на Управниот суд | **50** | |
| Вкупен број на решени предмети во 2023 година | **612** | |

2




*Табеларниот и графичкиот преглед се однесуваат на вкупно решени предмети од претходната година во 2023 година, вкупно решени предмети од 2023 година и вкупно решени предмети по уважени пресуди на Управниот суд.

Имајќи ги предвид презентираните бројки за примени и решени предмети во текот на 2023 година, произлегува дека Државната комисија во извештајниот период предметите ги решавала во законски определениот рок.

**4.2. Структура на предметите во Државната комисија според начинот на решавање и вид на одлука**

Со цел подобро запознавање со работата на Државната комисија, во понатамошниот текст подетално е објаснета структурата на бројот на решени предмети (отфрлени, одбиени и прифатени жалби) во областа на инспекцискиот надзор и бројот на предмети за кој е покренат управен спор согласно член 11 од Закон за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

**Предметите оформени по жалби изјавени против решенија на првостепените органи, Државната комисија ги решила на следниот начин:**

***Ја прифатила жалбата на жалителот, го поништила првостепеното решение и предметот го вратила на повторно разгледување и одлучување, (понатаму:прифатени жалби).**

-Од вкупниот број на решени предмети во 2023 година Државната комисија прифатила вкупно 297 жалби од кои 40 предмети биле по примени уважени тужби од Управниот суд со кои е поништено решението на Државната комисија.

Исто така од вкупниот број на решени предмети во 2023 година, Државната комисија прифатила 1 жалба односно по истата одлучила мериторно согласно член 9 став (7) од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

***Ја одбила жалбата како неоснована, (понатаму:одбиени жалби).**

-Од вкупниот број на решени предмети во 2023 година Државната комисија одбила вкупно 250 жалби, од кои 9 жалби Државната комисијата ги одбила постапувајќи по уважена пресуда на Управниот суд.

***Ја отфрлила жалбата како ненавремена, недопуштена, изјавена од неовластено лице и отфрлена поради ненадлежност, (понатаму:отфрлени жалби).**

-Од вкупниот број на решени предмети во 2023 година Државната комисија отфрлила вкупно 31 жалби, од кои 1 жалба Државната комисија ја отфрлила поспатувајќи по уважена пресуда на Управен суд.

***Ја запрела постапката по изјавената жалба, поради повлекување на жалбата од страна на жалителот, (понатаму:запрени постапки).**

-Од вкупниот број на решени предмети во 2023 година Државната комисија ја запрела постапката по вкупно 11 жалби.

***Го препратила предметот на надлежност на првостепениот орган или на друг надлежен орган, (понатаму:препратени предмети).**

-Државната комисија во текот на 2023 година 3 предмети препратила на понатамошна надлежност на првостепениот орган како надлежен да постапува по предметот.

***Архивирани предмети (понатаму:А/А).**

-Државната комисија во текот на 2023 година како А/А архивирала вкупно 4 предмети.

***Решени предмети од страна на првостепениот орган.**

-Државната комисија во текот на 2023 година евидентирала 15 предмети кои биле оформени пред комисијата, а биле решени од страна на првостепениот орган.

### 4.3. Управно судска заштита во предметите на Државната комисија

Согласно член 11 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, предвиден е управен спор пред надлежен суд, односно пред Управниот суд.

Во таа смисла, по однос на решенијата на Државната комисија, во овој дел

истакнуваме дека Државната комисија заклучно со 31.12.2023 година, евидентирала вкупно 83 поведени управни спорови, против решенијата на Државната комисија донесени во 2023 година.

Исто така во текот на извештајниот период до Државната комисија биле доставени 104 пресуди од Управниот суд, како и 46 пресуди од Управниот суд со кои е постапувано по тужби на ист тужител, за иста правна работа, само за различни вработени каи тужителот, со кои тужбата се уважува, а кои ќе се третираат како 1 пресуда од Управниот суд. Од доставените 105 пресуди од Управниот суд во 73 пресуди тужбата е одбиена како неоснована што значи дека решението на Државната комисија е потврдено, во 7 пресуди тужбата е отфрлена, во 4 пресуди постапката била запрена, додека 20 пресуди се уважувачки односно тужбата се уважува, а решението на Државната комисија се поништува.

Од презентираните бројки може да се заклучи дека дури во 76% од пресудите на Управниот суд решението на Државната комисија е потврдено, што укажува на фактот дека во извештајниот период Комисијата работела ефикасно и законито.

## 4.4 СТАТУС НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА АКТИВНОСТИТЕ ВО ОДНОС НА ПОСТАПКИТЕ ОД ПРАВНА ЗАШТИТА

### 4.4.1. Вкупен број на примени предмети во 2023 година во инспекцискиот надзор од областа на трудот, социјалната политика, образованието и културата, од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање, локалната самоуправа и одбраната, од областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството и од областа на економијата, финансиите и информатичкото општество и вкупен број на решени предмети од наведените области

Во 2023 година пред Државната комисија се примени вкупно 665 предмет во инспекциските постапки од сите погоре наведените области.

Од вкупниот број на примени предмети во 2023 година, Државната комисија решила вкупно 518 предмети примени во 2023 година, но покрај ова решила и 44 предмети од претходните години и исто така решила и 50 предмети постапувајќи по пресуди на Управниот суд, или вкупно решила 612 предмети и тоа на следниот начин:

| **2023 година** | |
|---|---|
| Вкупен број на решени предмети<br>од областа на инспекцискиот надзор во 2023 година | |
| Прифатени жалби | 297 |
| Одбиени жалби | 250 |
| Отфрлени жалби | 31 |
| Мериторно | 1 |

| | |
|---|---|
| Запрени постапки | 11 |
| А/А | 4 |
| Препратени предмети на надлежен орган на решавање | 3 |
| Решени предмети од страна на првостепениот орган | 15 |
| Вкупно решени предмети во областа на инспекцискиот надзор | **612** |




**Во понатамошниот текст ќе биде анализиран бројот на примени и решени предмети во инспекциската постапка по области**

### 4.4.2 Предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциската постапка во областа на трудот, социјалната политика, образованието и културата.

Во 2023 година се примени вкупно 145 предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка од областа на трудот, социјалната политика, образованието и културата и од претходната година за решавање во 2023 година од истата област се пренесени вкупно 19 предмети, а воедно за решавање имало и 38 предмети по уважени пресуди на Управниот суд, што значи за решавање во 2023 година од наведената област имало вкупно 202 предмети.

Од вкупниот број на примени и пренесени предмети од наведената област, во 2023 година Државната комисија решила 101 предмети кои биле примени во текот на извештајниот период и 19 предмети кои биле пренесени од претходната година, но исто така во 2023 година Државната комисијата постапила и по 38 пресуди на Управниот суд, што значи дека во текот на 2023

година Државната комисија решила вкупно 158 предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка од областа на трудот, социјалната политика, образованието и културата и тоа на следниот начин:

| 2023 година | |
|---|---|
| **Вкупен број на решени предмети во 2023 година во инспекциска постапка од областа на трудот, социјалната политика, образованието образованието и културата** | |
| Прифатени жалби | 81 |
| Одбиени жалби | 54 |
| Отфрлени жалби | 13 |
| Мериторно | 1 |
| Запрени постапки | 5 |
| Решени од првостепениот орган | 3 |
| Препратени на надлежност | 1 |
| **Вкупно** | **158** |




**4.4.3. Предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање, локалната самоуправа и одбраната.**

Во 2023 година се примени вкупно 462 предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциската постапка од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање, локалната самоуправа и одбраната и од претходните години од истата област се пренесени вкупно 20 предмети, а воедно за решавање имало и 9 предмети по уважени

пресуди на Управниот суд, што значи за решавање во 2023 година имало вкупно 491 предмети.

Од вкупниот број на примени и пренесени предмети во наведената област, во текот на извештајниот период Државната комисија решила 388 предмети примени во 2023 година и 20 предмети пренесени од претходната година, но исто така постапила и по 9 уважени пресуди на Управниот суд, што значи дека во текот на 2023 година Државната комисија решила вкупно 417 предмети во инспекциската постапка од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање, локалната самоуправа и одбраната и тоа на следниот начин:

| **2023 година** | |
|---|---|
| **Вкупен број на решени предмети во инспекциска постапка од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање, локалната самоуправа и одбраната,** | |
| Прифатени жалби | 199 |
| Одбиени жалби | 183 |
| Отфрлени жалби | 14 |
| Запрени постапки | 3 |
| А/А | 4 |
| Решени од првостепениот орган | 12 |
| Препратени на надлежност | 2 |
| **Вкупно** | **417** |



**4.4.4. Предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка во областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството.**

Во 2023 година се примени вкупно 22 предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка од областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството и од претходната година од истата област се пренесени 0 предмети, а воедно за решавање имало и 2 предмети по уважени пресуди на Управниот суд, што значи за решавање во 2023 година имало вкупно 24 предмети.

Од вкупниот број на примени предмети во наведената област, во текот на извештајниот период Државната комисија решила 13 предмети примени во 2023 година, но исто така постапила и по 2 уважени пресуди на Управниот суд, што значи дека во текот на 2023 година Државната комисија решила вкупно 15 предмети во инспекциската постапка од областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството и тоа на следниот начин:

| **2023 година** | |
|---|---|
| **Вкупен број на решени предмети во инспекциска постапка од областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството** | |
| Прифатени жалби | 8 |
| Одбиени жалби | 4 |
| Отфрлени жалби | 1 |
| Запрена постапка | 2 |
| **Вкупно** | **15** |



**4.4.5. Предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка во областа на економијата, финансиите и информатичкото општество.**

Во 2023 година се примени вкупно 36 предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка од областа на економијата, финансиите и информатичкото општество и од претходната година од истата област се пренесени 5 премети, а воедно за решавање имало и 1 предмет по уважена пресуда на Управниот суд, што значи за решавање во 2023 година имало вкупно 42 предмети.

Од вкупниот број на примени и пренесени предмети од наведената област, во текот на извештајниот период Државната комисија решила вкупно 16 предмети примени во 2023 година и 5 предмети пренесени од претходната година, но исто така решила и 1 уважена пресуда на Управниот суд, што значи дека во текот на извештајниот период Државната комисија решила вкупно 22 предмети во инспекциска постапка од областа на економијата, финансиите и информатичкото општество и тоа на следниот начин:

| **2023 година** | |
|---|---|
| **Вкупен број на решени предмети во инспекциска постапка од областа на економијата, финансиите и информатичкото општество** | |
| Прифатени жалби | 9 |
| Одбиени жалби | 9 |
| Запрени постапки | 1 |
| Отфрлени жалби | 3 |
| **Вкупно** | **22** |

